# ЗАКОН ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Закон за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015, 53/2016 и 11/2018). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 147/2016 од 15 март 2017 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2017.

## I. ОСНОВНА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежноста и организацијата на управната инспекција (вонатамошниот текст: инспекција), назначувањето на управните инспектори, овластувањата и постапката за вршење на инспекцискиот надзор.

### Член 1-а

Во постапката при вршењето на инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

## II. НАДЛЕЖНОСТ

### Член 2

Управната инспекција го опфаќа надзорот над примената на Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и другите закони што содржат одредби за управната постапка.

Управната инспекција врши надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, согласно со закон.

Управната инспекција врши надзор и над извршувањето на прописите за канцелариското работење.

Надзорот од ставот 1 на овој член опфаќа надзор над:
- навременото, економичното и ефикасното остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- постапувањето во пропишаните рокови во првостепената и второстепената управна постапка, како и во роковите определени со акти на судските органи;
- вклучувањето на заинтересираните странки во управната постапка заради заштита на нивните права и интереси;
- обезбедувањето на докази по службена должност од службената евиденција што ја води органот надлежен за решавање, друг државен орган, правни и други лица кои имаат јавни овластувања, општините и градот Скопје;
- извршувањето на правосилните управни акти;
- наплатата на трошоците во управната постапка;
- примањето на поднесоците;
- издавањето на уверенија и други јавни исправи за определени факти од службената евиденција;
- стручната подготовка на државните службеници и вработените кои преземаат дејствија во управната постапка;
- доставувањето на управните акти и другите писмена;
- начинот на однесувањето и работењето на административните службеници и вработените, со цел да се обезбеди почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност, одговорност и лојалност при вршењето на нивните службени должности;
- спроведувањето на мерките на надлежните органи за подобрување на работата при решавањето на управните работи и
- употребата на јазиците на странките во управната постапка, правната помош меѓу органите и другите учесници во управната постапка и други работи утврдени со Законот за општата управна постапка и другите закони.

Надзорот од ставот 2 на овој член во однос на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници на овој член опфаќа надзор над:
- постапката за донесување на актите за организација и систематизација на работните места во

институциите на јавниот сектор;
- редовното ажурирање на податоците во Регистарот на вработените во јавниот сектор од страна на секоја институција на јавниот сектор, а кои се однесуваат на самата институција и на нејзините вработени, кое ажурирање се врши преку информациониот систем за управување со човечки ресурси кој го води Министерството за информатичко општество и администрација;
- постапката за донесување на годишните планови за вработување во институциите на јавниот сектор и доставувањето на извештаите за реализација на годишните планови;
- формата и содржината на огласите за вработување во институциите на јавниот сектор;
- постапката за вработување на административни службеници;
- постапката за унапредување на административни службеници;
- постапката за мобилност на административни службеници;
- стручното усовршување на административните службеници;
- постапката за управување со ефектот на административните службеници;
- постапката за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници;
- постапката за престанок на работниот однос на административните службеници;
- постапката по жалби на административните службеници и
- другите прашања во врска со статусот на административните службеници.

Надзорот од ставот 3 на овој член опфаќа надзор над:
- приемот, прегледувањето и распоредувањето на документи/записи,
- заведувањето на документите/записите,
- доставувањето на документите/записите во работа,
- административно-техничкото обработување на документите/записите,
- испраќањето на документите/записите,
- разведувањето и класифицирањето на документите/записите и
- одлагањето на решените документи/записи во писарницата.

### Член 3

Надзорот од членот 2 од овој закон, се врши во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА

### Член 4

Работите на управната инспекција ги врши Државниот управен инспекторат (во натамошниот текст: Инспекторат), како орган во состав на Министерство за информатичко општество и администрација.

(2) Државниот управен инспекторат има својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос. 2

Работите на инспекцискиот надзор ги вршат управни инспектори (во натамошниот текст: инспектори).

### Член 5

Инспектор може да биде лице кое:
- е државјанин на Република Македонија,
- е полнолетно,
- има општа здравствена способност,
- не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на правните науки, што се докажува со уверение,
- има пет години работно искуство во решавање на управните работи,
- ги исполнува другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места,
- поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

### Член 6

Со работите на Инспекторатот, раководи директор.

### Член 7

Директорот го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор на Инспекторатот може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;
4) има минимум пет години работно искуство на управни работи и
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: 3
- ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS ) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

### Член 7-а

*Избришан* 4

### Член 8

*Избришан* 5

## IV. ОВЛАСТУВАЊА

### Член 9

Во вршењето на инспекцискиот надзор во смисла на членот 2 став 1 од овој закон, инспекторите се овластени:
- да наредат решавање на управните работи за кои изминал законскиот рок и да определат дополнителен рок не подолг од 30 дена;
- да наредат вклучување на заинтересираните странки во управната постапка заради заштита на нивните права и интереси и да определат рок не подолг од седум дена;
- да наредат обезбедување на докази по службена должност од службената евиденција што ја води органот надлежен за решавање, друг државен орган, правни и други лица кои имаат јавни овластувања, општините и градот Скопје и да определат рок не подолг од три дена;
- да наредат доставување на докази кои се барани по службена должност од други органи и да определат рок не подолг од три дена;
- да наредат извршување на правосилните управни акти и да определат рок не подолг од 30 дена;
- да наредат утврдување и наплата на трошоците во управната постапка и да определат рок не подолг од 15 дена;
- да наредат на второстепениот орган самиот да го реши предметот кога постапува по изјавена жалба против решение кое еднаш било поништено и вратено на повторно решавање и да определат рок не подолг од 30 дена;
- да наредат отстранување на други недостатоци во водењето на управните постапки и да определат рок не подолг од 15 дена;
- да поднесат кривична пријава за сторено кривично дело, барање за поведување на прекршочна постапка или иницијатива за покренување на дисциплинска постапка и
- да вршат други работи за чие извршување се овластени со овој закон.

Во случаите од ставот 1 инспекторот е должен веднаш да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против овластеното службено лице.

## Член 9-а

Во вршењето на инспекцискиот надзор во смисла на членот 2 став 2 од овој закон, инспекторите се овластени:
- да наредат ажурирање на податоците во Регистарот на вработените во јавниот сектор преку информациониот систем за управување со човечки ресурси кој го води Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 7 дена;
- да наредат доставување на извештај за реализација на Годишниот план за вработување, доколку рокот за доставување на извештајот изминал и да определат рок не подолг од 7 дена;
- да наредат спроведување на постапката за управување со ефектот на административните службеници, доколку е поминат рокот и да определат дополнителен рок не подолг од 30 дена и
- да преземат други мерки утврдени со закон.

## Член 9-б

Во вршењето на инспекцискиот надзор во смисла на членот 2 став 3 од овој закон, инспекторите се овластени:
- да остваруваат непосреден увид во примената и извршувањето на прописите за канцелариското работење;
- да укажат на субјектот на надзорот за утврдените недостатоци и неправилности во работењето и
- да наредат во определен рок отстранување на утврдените недостатоци но не подолг од 15 дена.

## Член 10

Ако инспекторот утврди дека во управната постапка определени управни дејствија презема службено лице или вработен кој нема соодветна стручна подготовка, или во управната постапка решава службено лице или вработен кој нема овластување, инспекторот со решение наредува тоа службено лице или вработениот да престане со преземање на управните дејствија, односно со решавање во управните работи.

Функционерот на органот или раководното лице каде што се утврдени случаите од ставот 1 на овој член, е должен во рокот определен со решението да обезбеди друго службено лице или вработен кој ги исполнува пропишаните услови да презема управни дејствија, односно да решава во управната постапка.

Против решението од ставот 1 на овој член, службеното лице или вработениот, функционерот на органот или раководното лице од ставот 2 на овој член, можат да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка донесува решение во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

## Член 10-а

Ако инспекторот утврди дека недостатоците во управното работење се настанати поради големиот број на поднесени барања, поради што службените лица кои постапуваат не можат да ги запазат роковите, инспекторот со решение наредува функционерот на органот или раководното лице да преземе мерки и активности за обезбедување на доволен број на службени лица кои ќе преземаат управни дејствија, односно ќе решаваат управни предмети и за тоа ќе определи рок не подолг од шест месеци од денот на приемот на решението.

Функционерот на органот или раководното лице каде што се утврдени случаите од ставот 1 на овој член, е должен во рокот определен со решението да преземе мерки и активности за обезбедување на доволен број на службени лица кои ќе преземаат управни дејствија, односно ќе решаваат управни предмети и за тоа да го извести инспекторот.

Против решението од ставот 1 на овој член функционерот на органот или раководното лице, можат да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка донесува решение во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

## Член 11

Ако инспекторот утврди дека службено лице кое презема дејствија во управна постапка или овластено службено лице кое решава во управната постапка не се придржува на начелата на законитост, ефикасност, економичност, одговорност, лојалност и професионален интегритет при решавањето на управните работи, определува рок за отстранување на констатираните неправилности.

Ако лицето од ставот 1 на овој член, во определениот рок не ги отстрани констатираните неправилности или истите ги повтори, инспекторот е должен против него да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка во рок не подолг од 30 дена.

## Член 11-а

Инспекторот ќе определи рок за решавање на управната работа, односно начин и рок за отстранување на констатираните неправилности и должен е да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска остапка против овластеното службено лице, ако утврди дека:
- во управната постапка не ги презема потребните управни дејствија и не ги решава управните работи во пропишаните рокови,
- од странката бара сама да прибави податоци за кои службена евиденција води органот надлежен за одлучување, друг државен орган, правно или друго лице со јавни овластувања,
- од странката бара поднесување на докази кои побрзо и полесно може да ги прибави органот што ја води постапката,
- од странката бара потврди за кои органите не се должни да ги издаваат или истите се непотребни во постапката,
- во рок од три дена не ги достави бараните податоци до органот кој ја води постапката и
- го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор.

## Член 12

Кога од страна на службеното лице, поради повреда на одредбите на Законот за општата управна постапка и другите закони што содржат одредби за управната постапка потешко се повредени правата и интересите на граѓаните и другите учесници во постапката, инспекторот ќе ги преземе пропишаните мерки со овој закон, а за повредените права и интереси веднаш ќе го извести функционерот, односно раководното лице во органите во кои е извршен надзор и ќе им предложи мерки за отстранување на повредените права и интереси на учесниците во постапката.

## Член 13

Ако инспекторот најде докази дека со повредата на прописите е сторено кривично дело, прекршок или потешка значителна повреда на службената должност, односно потешка повреда на угледот на службата или угледот на државниот службеник, должен е да поднесе кривична пријава за сторено кривично дело, барање за поведување прекршочна постапка или иницијатива за покренување на дисциплинска постапка.

Кога до функционерот, односно до раководното лице во органот во кој се врши надзор, инспекторот поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службеното лице кое презема дејствија во управната постапка или овластеното службено лице кое решава во управната постапка, функционерот, односно раководното лице на органот е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на иницијативата да го извести инспекторот за преземените дејствија по иницијативата.

## Член 14

*Избришан* 6

## Член 15

Органите во кои се врши надзорот се должни на инспекторот да му овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор со непосреден увид во донесените управни акти и по барање на инспекторот да му ги достават потребните податоци и службените списи во рокот што тој ќе го определи.

## V. ПОСТАПКА

### Член 15-а

Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:
1) редовен инспекциски надзор;
2) вонреден инспекциски надзор и
3) контролен инспекциски надзор.

### Член 15-б

Редовниот инспекциски надзор опфаќа надзор на спроведувањето на Законот за општата управна постапка и другите закони што содржат одредби за управната постапка, како и над извршувањето на прописите за канцелариското работење.

Вонредниот инспекциски надзор се врши врз основа на иницијативи, претставки и предлози поднесени од државни органи, правни и физички лица, како и во случај на сомневање на инспекторот.

Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на инспекторот.

### Член 15-в

Начинот за вршење на инспекциски надзор поблиску го пропишува министерот за правда.

### Член 16

За денот, содржината и обемот на вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот по правило писмено го известува функционерот на органот, односно раководното лице во органот во кој се врши надзор.

По исклучок од ставот 1 на овој член инспекторот врши и ненајавен инспекциски надзор и пред почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор е должен да го извести функционерот на органот, односно раководното лице во органот во кој се врши надзор за вршењето на инспекцискиот надзор и да се легитимира.

### Член 17

За извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник со наод за утврдената состојба, а отстранувањето на утврдените недостатоци во работата го наредува со решение во кое се утврдени роковите за нивното извршување.

По исклучок од ставот 1 на овој член, по поднесена иницијатива или барање за вршење на вонреден инспекциски надзор, инспекторот може да изготви записник и да донесе решение, односно заклучок и без вршење на инспекциски надзор, доколку по службена должност прибере докази и факти од органот во кој треба да се изврши надзорот, од кои може целосно да се утврди фактичката состојба.

Записникот и решението од ставовите 1 и 2 на овој член, им се доставуваат на лицата од членот 16 на овој закон во рок од 15 дена од денот на извршениот инспекциски надзор.

Органите во кои е извршен надзорот се должни за преземените мерки за отстранување на недостатоците во работата наредени со решението да го известат инспекторот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

### Член 18

Против решението од членот 17 став 1 на овој закон, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка по жалбата донесува решение во рокот утврден во Законот за општата управна постапка.

*Укинат* 7

## Член 19

Извршувањето на решението од членот 17 став 1 на овој закон, инспекторот го утврдува со вршење на контролен инспекциски надзор за што составува записник.

По исклучок од ставот 1 на овој член, доколку инспекторот во рокот утврден во решението добие акт, исправа или друг доказ доставен од органот кој бил задолжен со решението на инспекторот, а од кој може да се утврди дека решението на инспекторот е целосно извршени и се отстранети сите недостатоци, инспекторот може без да изврши контролен надзор да донесе заклучок за запирање на постапката.

## Член 20

Кога во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот ќе утврди повреда на прописите над чие извршување врши надзор друг орган, е должен за тоа веднаш да го извести тој орган.

За преземените мерки надлежниот орган е должен во рок од 30 дена да го извести инспекторот.

## Член 21

Граѓаните и другите учесници во постапката можат да покренуваат иницијативи и да даваат предлози за вршење на инспекциски надзор кога во остварувањето на своите права, интереси и обврски ќе согледаат одредени неправилности во работењето на органите во кои се врши инспекциски надзор.

## Член 21-а

Доколку до Државниот управен инспекторат е поднесено известување од правни и физички лица за непостапување по членот 293-а став (3) од Законот за општата управна постапка од страна на функционерот кој раководи со органот, односно на раководното лице на органот, инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето, да изврши инспекциски надзор во органот надлежен за постапување по барањето, да утврди дали е спроведена постапка пропишана со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба.

Инспекторот од државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува функционерот кој раководи со органот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копие од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (2) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во овој закон и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој функционерот кој раководи со органот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (3) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (5) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно со ставовите (1) и (2) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (3) и (4) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за

поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во овој закон за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (6) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот (7) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот (8) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (6) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку функционерот кој раководи со органот не одлучи во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

# VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 22

Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот, ако:
- не овозможи непречено вршење на надзор, или не ги достави до инспекторот потребните податоци и списи во рокот кој инспекторот го определил, согласно со членот 15 од овој закон,
- не ги отстрани констатираните неправилности во рокот определен од инспекторот, или истите ги повтори, согласно со членот 11 од овој закон,
- во утврдениот рок од инспекторот не ги отстрани констатираните неправилности од член 11-а на овој закон,
- го попречува инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор во смисла на членот 11-а алинеја 6 од овој закон,
- во определениот рок не го изврши решението за отстранување на утврдените неправилности од членот 10-а став 1 од овој закон,
- во определениот рок не го изврши решението за отстранување на утврдените неправилности од членот 17 став (1) од овој закон и
- во рокот утврден од членот 21-а став (2) на овој закон не одлучи по барањето.

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице на органот доколку тој или овластеното службено лице на субјектот на надзор:
- не го извести инспекторот за преземените мерки по поднесената иницијатива за поведување на дисциплинска постапка во рокот утврден во членот 13 став 2 од овој закон и
- не го извести инспекторот за преземените мерки по решението во рокот определен во членот 17 став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице што презема дејствија во управна постапка или овластено службено лице што решава во управна постапка ако не постапи согласно со членовите 11 и 11-а од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на управниот инспектор или овластеното службено лице од Државниот управен инспекторат, доколку во рок од 30 дена откако станало извршно решението со кое се утврдени неправилности од членовите 11 и 11-а на овој закон, не поднесе барање за поведување на дисциплинска или прекршочна постапка.

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на управниот инспектор или овластеното службено лице од Државниот управен инспекторат, доколку не постапил по известувањето од подносителот на барањето и/или не поднесе пријава, во смисла на членот 21-а став (6) од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на директорот на Државниот управен инспекторат, доколку во рок од три дена од денот на дознавањето за прекршокот од членот 21-а став 7 на овој закон не поведе прекршочна постапка против инспекторот.

### Член 22-а

За прекршоците од членот 22 од овој закон, управниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоци.

Управниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно претстојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и за исходот од постапката.

Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

### Член 22-б

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

Министерот за правда во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе актот од членот 8 став 3 на овој закон.

### Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за управната инспекција (“Службен весник на СРМ” број 29/79, 22/87, 23/90 и “Службен весник на Република Македонија“ број 12/93).

### Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.